**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-720/6**
**Скопје, 14.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ ДОЛНЕНИ„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Долнени за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Долнени за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Марјан Крстески, Градоначалник на општина Долнени за периодот од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 31.05. до 03.06.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 09.11.2005 година со писмо број 11-720/4 од 08.11.2005 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното :

- забелешките на точките 10.1.1; 10.2.1.; 10.2.2. и 10.3.1. не се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствените начела и политики**

11.1.1. Нарушен е принципот на буџетско сметководство и повредени се одредбите од членот 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи преку сметката на буџетот не се спроведени и евидентирани приливи на парични средства по основ на компензација во износ од 708 илјади денари со Електростопанство и цесии во вкупен износ од 2.334 илјади денари од кои 500 илјади денари со Министерството за транспорт и врски и 1.834 илјади денари со Бирото за стопански недоволно развиени подрачја. Причината за ваквиот начин на работење произлегува од инстутициите кои ги даваат средствата и ги пуштаат директно на изведувачот без спроведување на компензциите и цесиите преку сметките на буџетите на единиците на локалната самоуправа. Ова доведува до нереално искажување на позициите во финансиските извештаи.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во делот на начелото на парично искажување на приходите и расходите.

**11.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

11.2.1. Ставката Даночни приходи во делот на Даноци на специфични услуги, во Билансот на приходи и расходи е потценета за износ од 708 илјади денари за колку е

потценета ставката Основно и специјално одржување . Ова од причина што при наплатата на комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување со компензација со Електростопанство на Македонија, оваа трансакција не е спроведена преку сметката на буџетот на единицата на локалната самоуправа, ниту е евидентирана во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Долнени, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.

11.2.2. Ставката Трансфери и донации во Билансот на приходи и расходи е потценета за износ од 2.334 илјади денари за колку е потценета и ставката Капитални расходи за направените цесии и тоа:

- Цесија на износ од 1.834 илјади денари помеѓу Бирото за недоволно развиени подрачја, Локалната самоуправа Долнени и фирмата „Марина М„, и
- Цесија на износ од 500 илјади денари помеѓу Министерството за транспорт и врски , единицата на локална самоуправа Долнени и „ Изофас„ ДОО Прилеп.

Овие трансакции не се спроведени преку сметката на единицата на локална самоуправа, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Долнени, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.

**Препорака:**

- При извршување на плаќања по пат на цесии и компензации, истите треба да се спроведуваат преку сметката на единицата за локална самоуправа преку носителот на платен промет како не би се нарушил буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството.

### 11.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.3.1. Направени се расходи пред предходно да се обезбедат средства со буџетот кај позицијата Основно и специјално одржување во износ од 3.088 илјади денари повеќе во однос на обезбедените со буџетот. Без притоа да е изготвен соодветен буџетски документ – ребаланс.

**Препорака:**

Направените расходи треба да бидат во рамките на планираните со буџетот а за секој нов расход или потреба од намалување или зголемување на планираните расходи се изготвува посебен буџетски документ ( ребаланс), кој треба да го донесе Советот на општината

12. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.2. е потценување на приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи за 2004 година во вкупен износ од 3.042 илјади денари.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Долнени на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2. и 11.3. кај Буџетот на општина Долнени не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје 10.11.2005 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС ДОЛНЕНИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 3,396 | 3,684 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 17 | 235 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 8,883 | 7,356 |
| **Вкупно приходи** | | **12,296** | **11,275** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 2,383 | 2,533 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,912 | 2,449 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 214 | 120 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,509** | **5,102** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 7,493 | 2,862 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,493** | **2,862** |
| **Вкупно расходи** | | **12,002** | **7,964** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **294** | **3,311** |

**Буџет на ЕЛС ДОЛНЕНИ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 294 | 3,311 |
| Побарувања | | 0 | 29 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | | 0 | 327 |
| Активни временски разграничувања | | 0 | 368 |
| **Вкупно тековни средства** | | **294** | **4,035** |
| **Вкупна актива** | | **294** | **4,035** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | | 0 | 29 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | 0 | 562 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 294 | 3,444 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **294** | **4,035** |
| **Вкупна пасива** | | **294** | **4,035** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1404-75/1***
***Скопје, 17.01.2006 година***

Согласно член 27 став 5 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, број 73/2004) , по добиен Приговор,број 11-720/14 од 19.12.2005 година, на Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Долнени, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорите по точките 11.1.1.;11.2.1.;11.2.2.;11.3.1.; 12.;13. и 14. по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Долнени не се прифаќаат.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Долнени поднесен е приговор број 11-720/14 од 19.12.2005 година од одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија.

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Приговорот на наодот од точка 11.1.1. не се прифаќа поради тоа што е постапено спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, преку сметката на буџетот не се спроведени направените: компензација во износ од 708 илјади денари со Електростопанство и цесии во вкупен износ од 2.334 илјади денари од кои 500 илјади денари со Министерството за транспорт и врски и 1.834 илјади денари со Бирото за стопански недоволно развиени подрачја.

2. Приговорот на наодот од точка 11.2.1. не се прифаќа од причина што при наплатата на комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување со компензација со Електростопанство на Македонија, трансакцијата не е спроведена преку сметката на буџетот на единицата на локалната самоуправа, ниту е евидентирана во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Долнени, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.

3. Приговорот на наодот на точка 11.2.2. не се прифаќа и останува како наод во Конечниот извештај од причина што направените цесии на износ од 2.334 илјади денари не се спроведени преку сметката на буџетот на единицата на локална самоуправа, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата за локална самоуправа Долнени, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ.

4. Приговорот по наод 11.3.1. не се прифаќа од причина што направени се расходи без предходно да се обезбедат средства со буџетот кај позицијата Основно и специјално одржување во износ од 3.088 илјади денари повеќе во однос на обезбедените со буџетот, односно постапено е спротивно на член 23 од Законот за буџетите.

5. Приговорот по точките 12. 13. и 14. не се прифаќа бидејќи текстот од наведените точки не е наод но претставува мислење на овластениот државен ревизор кое се темели на наодите од претходните точки односно извршената ревизија.

**Главен државен ревизор**

**Д-р Драгољуб Арсовски**